Арх.

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за животна средина-

Државниот инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за производство на електрична енергија ДИС ЕНЕРГИЈА Доо Скопје со седиште на ул.„Борис Трајковски" бр.198А, Скопје застапуван од управителот Влатко Тоневски, со Записник број ип1 10-242 од 24.10.2024 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1) Се Опоменува субјектот на надзор Друштво за производство на електрична енергија ДИС ЕНЕРГИЈА Доо Скопје, да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и тоа:

- Да постапува по условите и мерките содржани во Дозвола УП1 бр. 11/5-908/2017 од 23.02.2018 год и да се придржува кон законите со кој се уредува вршењето на дејноста

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 30 (триесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

~~4) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од ________ денари, на жиро сметка број ________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

# Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 и став3 од Закон за води (Сл. весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21)), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за производство на електрична енергија ДИС ЕНЕРГИЈА Доо Скопје, состави Записник број ип1 10-242 од 24.10.2024 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба: Субјектот на надзор Друштво за производство на електрична енергија ДИС ЕНЕРГИЈА Доо Скопје врши зафаќање, доведување и искористување на вода за производство на електрична енергија. Зафатот на вода се врши од Шталковска река, со изведен зафатен објект лоциран на Кп 1684 КО Шталковска. Зафатената вода преку изведен цевковод кој е вкопан и затрупан со земја и чакал се доведува до машинската зграда која е лоцирана на Кп 129 Ко Турско Рудари, наменски се користи и истата искористена вода се испушта во речното корито на река Шталковска . За активноста која ја врши, условите и мерките кои треба да ги почитува при обавување на дејноста субјектот ја приложи следната документација:

- Тековна состојба број 0805-50/150020240225744 од 27.06.2024 год. издадена од Централен регистар на РСМ
- Дозвола УП1 бр. 11/5-908/2017 од 23.02.2018 год за користење на вода за производство на електрична енергија одобрена во управна постапка од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

- Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа заведено под бр.11-2435/1 од 11.04.2018 год. во Министерство за животна средина и просторно планирање
- Имотен лист број 625 за КО Турско Рудари под бр.1105-1859/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите- востановено право на службеност на земјиште
- Имотен лист број 9 за КО Турско Рудари под бр.1105-1860/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите - востановено право на службеност на земјиште
- Имотен лист број 620 за КО Турско Рудари под бр.1105-1857/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите – право на сопственост на земјиште
- Имотен лист број 67 за КО Турско Рудари под бр.1105-1858/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите - востановено право на службеност на земјиште
- Имотен лист број 58 за КО Шталковица под бр.1105-1852/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите
- Имотен лист број 218 за КО Шталковица под бр.1105-1855/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите - востановено право на службеност на земјиште
- Имотен лист број 56 за КО Шталковица под бр.1105-1854/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите - востановено право на службеност на земјиште
- Имотен лист број 68 за КО Турско Рудари под бр.1105-1856/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите - востановено право на службеност на земјиште
- Имотен лист број 59 за КО Шталковица под бр.1105-1853/2024 од 07.07.2024 год. издаден од Агенција за катастар на недвижностите - востановено право на службеност на земјиште
- Одобрение за градење под Уп1 бр.10-43 од 30.11.2020 год издадено од општина Пробиштип за изградба на малахидроелектрична централа на МХЕ Шталковска со реф.бр.364 и придружни објекти
- Одобрение за градење под Уп1 бр.10-65 од 05.08.2022 год издадено од општина Пробиштип за изградба на нов 10(20) kV кабелски вод поради приклучок на МХЕЦ Шталковска
- Дневна евиденција за пресметан просечен проток на вода за месец октомври 2024
- Извршени уплати за 2022 и 2023 година на основ на концесиски надоместок

Констатација од извршениот увид: Субјектот на надзор е носител на водно право за зафаќање на вода од Шталковска река за што поседува Дозвола УП1 бр. 11/5-908/2017 од 23.02.2018 год за користење на вода за производство на електрична енергија. Моментално поради малиот проток на вода во речното корито субјектот не зафаќа вода и не произведува електрична енергија. Во низводниот дел на зафатот е обезбеден биолошкиот минимум. Малата хидроелектрична централа е целосно изведена со придружните објекти-тиролски зафат со таложник, цевковод, машинска зграда и приклучок на дистрибутивна електрична мрежа. Објектот е изграден во рамките на планираниот опфат врз земјише на кое субјектот на дел има востановено право на службеност на земјиштето, а на дел е сопственик . По изградбата на малата хидроелектрична централа субјектот не побарал одобрение за употреба од општина Пробиштип согласно одредбите од Закон за градење. Субјектот нема изготвено План за редовно одржување на објектите со кој ќе биде опфатено континуираното одржување на зафатните објекти, цевководот и хидроцентралата со придружните објекти како и превземање на технички мерки за да не дојде до нарушување на водата во речното корито. Субјектот е должен да пресметува и да плаќа за користење на водата за производство на електрична енергија, согласно член 213 од Закон за води.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решениего.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 10-242 од 30.10.2024 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.и.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.

Република Северна Македонија • ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА • Скопје • XXIV • Shkup • INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR • Republika e Maqedonisë së Veriut